РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-882/5
03-07-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година донесе:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 08-882/1 од 20.02.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-882/1 од 20.02.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставена е пријава за неподнесување на Изјави за имотна состојба и интереси за повеќе лица меѓу кои и за лицето ------------------------. По однос на пеијавата ДКСК оформи предмет со број 08-882/1 од 20.02.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на --------------------- по избор на ------------------------.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ----------------------- во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата --------------------------- не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-882/3 од 04.03.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Б.С., советник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор